РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Бр УП-1-10-18
04.10.2023 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Адвокат Никола Главинче, ул. Филип Втори Македонски бр.5 лок.10 и 11 Битола, со број УП-1-10-18 од 07.09.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 29.09.2023 го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Адвокат Никола Главинче, ул. Филип Втори Македонски бр.5 лок.10 и 11 Битола, заверено под број УП-1-10-18 од 07.09.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Адвокат Никола Главинче, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 07.09.2023 година заверено под број УП-1-10-18 со кое побара преку пошта да му биде доставен запис од следната информација: На кое работно место е вработено лицето Златко Чаталовски во Општина Ресен, да се достави акт врз основа на кој е вработен во општина Ресен.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, во прилог Ви доставуваме Решение за распоредување на работно место со број 04-1438/1 од 13.07.2021 година и Овластување со број 09-2373-1 од 02.12.2021 година.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН